Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области германистика и граматика, семантика, семиотика, синтакса на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент во научна област методика на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област психологија на образование и воспитување на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент(специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно- научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 60

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Педагогија на слободно време“ за студентите од прв циклус студии од д-р Деспина Сивевска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Развојна психологија“ од проф. д-р Ленче Милошева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за трудот „Феноменот на финансиски кризи и импликациите врз светската економија“ од проф. д-р Ристо Фотов, м-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПСИХОЛОГИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Во врска со распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 11.1.2013 година, за избор на еден соработник во звање асистент за научна област *психологија на образование и воспитување*, Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на 30. седница одржана на 25.2.2013 година, определи Комисија во состав:

– проф. д-р Виолета Арнаудова,
– проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска и
– проф. д-р Стеван Алексоски.

Комисијата утврди дека на распишаниот Конкурс се пријавија следниве кандидати: **м-р Катерина Дојчинова, Трајче Минов** и **м-р Билјана Пешова**. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија почитувајќи го азбучниот ред на презимињата на кандидатите, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки во Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатката **м-р Катерина Дојчинова** е родена на 17 април 1983 год. во Штип. Во 2001 год. го завршува средното медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип, а во 2003 год. се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип на насоката Одделенска настава, каде што дипломира во 2007 год. со просечен успех 9.53. Откако се стекнува со звање дипломиран професор по одделенска настава, во 2007 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Својот магистерски труд на насоката Развојна психологија на тема „*Разлики меѓу адолесценти и млади возрасни од еднодетни и повеќедетни семејства во перцепцијата на родителскиот стил, емпатијата и саморегулацијата*, кандидатката го одбранува на 6 ноември 2012 година. М-р Катерина Дојчинова во текот на 2007 и почетокот од 2008 година работи во приватно училиште како професор по одделенска настава со деца кои имаат тешкотии во наставата. Во тој период истовремено е координатор и наставник во проект на Владата на Р. Македонија (*Македонија - земја на информатичари*).

М-р Катерина Дојчинова ги владее англискиот јазик (за што е приложен и сертификат), српскиот и турскиот јазик (но, за нив не се приложени сертификати) и поседува компјутерски вештини кои ги користи во рамки на своите професионални задачи.

Кандидатот **Трајче Минов** е роден на 10 декември 1981 год. во Струмица. По завршување на додипломските студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје (со просечен успех 9.65), во 2009 година Минов се запишува на постдипломски студии на истиот Институт и испитите ги завршува со просечен успех 10.00. Актуелно, кандидатот е во фаза на изработка на својот магистерски труд. Трајче Минов има работно искуство на проект од УНИЦЕФ во Специјалниот завод Демир Капија (2005-2006 год.), на проект од ЦПЛИП ПОРАКА – Струмица (2007-2008), на проект *И јас можам да работам на компјутер* – наменет за лица со лесна ментална ретардација, а реализиран преку ЕМЦ-Струмица (2010), како предметен наставник –дефектолог во ПОУ „Свети Климент Охридски“ - Ново Село (2012) и повторно на проектот *И јас можам да работам на компјутер* – наменет за лица со лесна ментална ретардација реализиран преку ЕМЦ-Струмица (2012).

Кандидатот има солидни познавања од англискиот јазик (за што приложил сертификат) и компјутерски вештини (за кои не е приложен сертификат).

Кандидатката **м-р Билјана Пешова** е родена на 31 јануари 1984 година во Штип. По завршување на средното образование, во 2002 год. се запишала на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје и студиите ги завршила во 2007 год. (просечен успех 8.55). Истата година (2007) се запишува на постдипломски студии на истиот Институт (насока Педагошка психологија) кои ги завршува со просечен успех 9.17, одбранувајќи го магистерскиот труд во 2012 год. Од декември 2007 год. кандидатката м-р Билјана Пешова се вработува на Педагошки факултет (Факултет за образовни науки) при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

*Наставно-образовната дејност* на м-р Билјана Пешова произлегува од работата како помлад асистент. Таа успешно ги реализирала вежбите со студентите по предметите Педагошка психологија, Психологија на образование и воспитание, Позитивна психологија, Методика на работа со деца со посебни потреби, Ментално здравје на деца и адолесценти, Социјална психологија и развојна психологија. Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип („Универзитетски гласник", 20 април, 2012), кандидатката м-р Билјана Пешова од наставно-образовна дејност остварила вкупно 5.7 поени.

За постигнувањата на кандидатката во *научноистражувачката дејност* говори одбранетиот магистерски труд под наслов *Перфекционизам, автоматски мисли и афекти кај средношколци во тест ситуација* (4 поени), како и приложените научни трудови (16 поени) и учества на конференции (7.5 поени), односно вкупно 27.5 поени.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научни собири:***

– Kostov, B., Stojanov ,T**., Stojanova, B.** (2008). School for aeternal values**.** *IV International Scientific Conference, Contemporary intentions in education,* 2, 105-110.

Со оглед на тоа што човекот по својата природа е суштество кое има базична потреба за раст и развој на своите потенцијали и можности, авторите во трудот го разгледуваат прашањето за улогата на училиштето во задоволувањето на оваа потреба или барем во давањето на насоки во нејзиното задоволување. Во одговорот на ова прашање, авторите истакнуваат дека преку моралното воспитание и интернализацијата на универзалните човекови вредности, училиштето би овозможило учениците да станат самореализирани личности. **(2 поени)**

– Miloseva, L., Marelja, J., **Stojanova, B.** (2009). Stress and resilience in families of children with specific learning disabilities. *The 5th International Balkan Education and Science Congress*, 2, 676-679.

Во трудот се обработува стресот со кој се соочува семејството во кое има дете со посебни потреби. Се нагласува дека стресот се јавува уште пред да биде дијагностициран хендикепот, односно уште со појава на сомнеж кај родителите дека нешто не е во ред со нивното дете. Почетокот на училишниот живот, родителите чие дете е со посебни потреби го доживуваат особено стресно. Во трудот се нагласува потребата од инклузивно образование за овие деца, како и за едукација на наставниците за работа со нив. Авторките веруваат дека програмите за кои се залага позитивната психологија во голема мера можат да придонесат за успешно моделирање на инклузивното образование. **(2 поени)**

– **Stojanova, B.***,* Sivevska D. (2009). Learning through computer game. *The 3rd International Conference, Curriculums of early and compulsive education*, 333-340.

Трудот го обработува влијанието на компјутерската технологија врз образованието на децата, имајќи ги предвид компјутерските игри кои се многу популарни кај младите. Учењето со компјутерски игри е индивидуално; детето развива вештини и знаења, но најзначајно е што учењето низ компјутерски игри создава чувство на задоволство и го мотивира детето да учи. Се истакнува дека е неопходно наставникот да биде медијатор меѓу детето и играњето, односно тој да биде способен да му ја објасни играта на детето, да знае во што се состои таа и кои вештини ги развива. **(2 поени)**

- Sivevska, D., **Stojanova, B.** (2009). Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries. *Proceedings of ICERI 2009 Conference*, 1259-1265.

Во трудот се нагласува дека современиот човек живее во време на брз научен и технолошки прогрес кој придонесува за брзо застарување на знаењата и потреба од поголема количина на нови знаења. Ова ја наметнува потребата од постојано учење кое ќе му помогне на секој поединец да стекне различни знаења во секој период од својот развој. Учењето во текот на целиот живот треба да помогне не само за стекнување на нови знаења, туку и за развивање на техники за мислење, да развие способност за учење и за успешно решавање на проблеми и способност за самостојно стекнување на нови знаења. Главна цел на образованието е да овозможи индивидуален развој и развој на општеството и истата може да се оствари со примена на стратегијата на учење во текот на целиот живот. **(2 поени)**

- **Stojanova, B.** (2010). Development of creativity as a basic task of the moder educational system. *International Conference of Education, Research and Innovation (ICERI 2009), Madrid, Spain: Procedia- Social and Behavioral Sciences* (2), 3395-3400.

Во последните неколку децении, особено во развиените земји, големо внимание е посветено на изучување на креативноста што веројатно е поттикнато од научно-технолошката револуција, која јасно покажува дека креативните умови се одговорни за прогресот во сите сфери од животот. Авторката истакнува дека поради тоа неопходно е да се инвестира во развојот на креативноста, а во рамки на едукативниот систем е неопходен активен однос кој треба да придонесе за развој на креативноста на учениците, односно меморирањето на податоци да му отстапи место на креативното мислење. Во таа смисла, цел на современиот воспитно-образовен процес треба да биде создавање на независни, слободни, толерантни и креативни луѓе кои ќе ги задоволат своите потенцијали, а истовремено и ќе придонесат за развој на општеството. **(2 поени)**

- Popeska, B., **Stojanova, B.,** Petruseva, K. (2011). Opinions for Teaching Subject Sport and Recreation Determined among Students From Seven Different Faculties at University “Goce Delcev” in Stip. *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education, 1449-1456*. ISSN 978-9989-823-33-6

Трудот има цел да се утврдат и анализираат мислењата на студентите за наставата по предметот Спорт и рекреација: најпреферирани активности, реализирани и очекувани цели. Истражувањето е спроведено на 288 студенти од прва година од седум факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во учебната 2010/2011. Ставот на студентите е испитуван со затворена форма на прашалник составен од 11 прашања. Резултатите покажуваат дека студентите имаат позитивен став за наставниот процес, за начинот на кој е организиран, за реализацијата и за ефектите од овој предмет. Но, според мислењето на студентите годишниот фонд на часови треба да се зголеми, наставата да се збогати со содржини и активности соодветни на потребите и интересите на студентите. **(2 поени)**

**Stojanova, B.,** Popeska, B., Pertuseva, K. (2011). Differences Among(Between) Male and Female Students at the University “Goce Delcev” in Stip, About There Opinions for Teaching Subject Sport and Recreation. *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education, 1441- 1447*. ISSN 978-9989-823-33-6

Во истражувањето се соопштени резултати добиени на 613 студенти од двата пола во прва година на студии од 11 факултети од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Целта е да се утврди дали постојат полови разлики во потребите за Спорт и рекреација како академски предмет, какви содржини и активности преферираат студентите и какви се нивните мислења за организацијата, реализацијата и ефектите врз учесниците во спортските и рекреативните активности. Направена е анализа на одговорите добиени на сите 11 прашања и констатирано е дека исти или слични одговори се добиени на прашањата што се однесуваат на: поставеноста на предметот Спорт и рекреација на листата на изборни предмети, бројот на часови од овој предмет во текот на неделата, позитивните ефекти од истиот, потребата од теоретска настава и материјалните услови за реализација на истиот. **(2 поени)**

- Sivevska, D., **Stojanova, B** & Popeska, B. (2012). Research of parents attitudes concerning cooperation with primary schools in relation to their socio – demographic characteristics.

*4th world Conference on educational Sciences (WCES),* Barcelona. Spain: Procedia – Social and Behavioral Sciences, 46, 2857 – 2861.

Квалитетот и интензитетот на соработката на родителите со основното училиште се определени од повеќе фактори, вклучувајќи го интересот на родителите и нивните социодемографски карактеристики. Во истражувањето е применет прашалник со кој се испитуваат ставовите на родителите за нивната соработка со ОУ и нивните социодемографски карактеристики (образование, економска состојба, брачен статус, возраст, етничка и религиска припадност, ред на раѓање на детето и семејната структура) како детерминантни на соработката. Испитани се 68 родители на деца од прво до петто одделение од Штип со прашалник со 12 тврдења.

Родителите се согласуваат дека треба да бидат информирани за училишните активности во кои учествува нивното дете, за развојот на нивното дете во содржината за која покажува посебен интерес, но и за содржините кои потешко ги усвојува. И покрај малите разлики меѓу родителите во однос на демографските карактеристики, поголемиот број родители се подготвени да соработуваат со основното училиште. **(2 поени)**

*Учество на научни собири со реферат:* м-р Билјана Пешова учествувала со реферат на пет меѓународни научни собири и освоила вкупно 7.5 поени. На списокот на научни собири на кои кандидатката учествувала со труд се следните:

| | |
|---|---|
| Мај 2008 | Меѓународна научно-практична конференција, Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век, Штип, Р. Македонија. **(1.5 поен)** |
| Мај 2010 | The 5th international scientific conference, Education for human society, Ohrid, Macedonia. **(1.5 поен)** |
| Септември 2011 | *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education,* Ohrid, Macedonia. **(1.5 поен)** |
| Септември 2011 | International Scirntific Symposium, 65 Years Jubilee Institute of Pedagogy, Education between tradition and modernity, Ohrid, Macedonia. **(1.5 поен)** |
| Декември 2011 | Научна конференция, катедра "Гимнастика" и катедра Психология, педагогика и социология, НСА"Васил Левски" София, Р.Бугарија. **(1.5 поен)** |

Во рамки на *стручно-апликативната дејност и органзациско-развојната дејност,* м-р Билјана Пешова објавила труд во коавторство (**Стојанова, Б.,** Милошева, Л, 2009, Вредносните ориентации кај адолесцентите. *Воспитание*, 6, 10, 55-61). Во трудот се проучуваат вредносните ориентации на адолесцентите за да се утврди кои вредносни ориентации ги преферираат и дали постојат полови разлики. Истражувањето е спроведено на 49 испитаници на возраст од 15 до 17 години, со примена на скала на Попадиќ со десет вредносни ориентации кои се операционализирани преку опис на десет начини на живеење. Три најпреферирани вредносни ориентации на адолсецентите во Штип се: утилитарна, семејна и индивидуалистичка и хедонистичка, а најмалку се преферирани: сознајна, алтруистичка и прометејска. Меѓу адолесцентите од различен пол не се утврдени статистички значајни разлики во вредносните ориентации. **(2 поени)**

М-р Билјана Пешова реализирала и **други активности** во рамки на факултетот: во периодот од 2008 до 2011 година е член на Комисијата за проверка на психофизичките способности на кандидатите за студирање на Педагошкиот факултет (Факултетот за образовни науки) во Штип (8 поени); била член на Комисија за ревидирање на студиските програми, Математика – Физика (2011) (2 поени), односно вкупно освоила 10 поени.

Во рамки на оваа категорија кандидатката освоила вкупно 12 поени.

Почнувајќи од студентските денови, кандидатката поминала неколку обуки: Обука во вештини за афирмација, комуникација, градење заедници и разрешување конфликти, како и за посредување искуствени работилници одобрена од проектот „Алтернативи на насилство" (ноември 2003); прв степен обука за интегративна психотерапија и личен развој

чиишто делови се: советување насочено кон клиентот; гешталт терапија; комплексна (аналитичка) психотерапија; когнитивна терапија (2004-2005) и Обука во организација на УНИЦЕФ на тема „Инклузивно образование“ (август 2011).

Кандидатката м-р Билјана Пешова има солидно познавање на англискиот јазик (V степен) и компјутерски знаења - MS Office (Word, Excel, Power Point), статистички пакети SPSS и STATISTICA.

**ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК**

Комисијата констатира дека кандидатите м-р Катерина Дојчинова и Трајче Минов пријавени на распишаниот Конкурс за избор на еден соработник во звање асистент, научна област психологија на образование и воспитување, не ги исполнуваат условите од член 17 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“, 20 април, 2012). Имено, според овој член кандидатката м-р Катерина Дојчинова исполнува само еден услов - завршени академски студии од втор циклус од соодветната област. Вториот кандидат Трајче Минов не исполнува ниту еден од пропишаните услови во член 17 (нема академски студии од втор циклус од соодветното научно подрачје; нема објавено минимум еден научен труд во научно списание; нема искуство од еден мандат како помлад асистент; нема доволно податоци кои ја потврдуваат способноста за наставно-образовна и научноистражувачка дејност).

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“, 20 април 2012), кандидатката м-р Билјана Пешова постигнувајќи вкупно 45.2 поени го надмина минималниот број поени (25) што треба да ги освои за наставно-образовна и научноистражувачка дејност. Поради сето изнесено, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката м-р Билјана Пешова да ја избере во звањето асистент за научната област **психологија на образование и воспитување.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Виолета Арнаудова, с.р.**
**Проф.д-р Елена Ачковска- Лешковска, с.р.**
**Проф.д-р Стеван Алексоски, с.р.**

**Табела на активности кои се бодираат при изборот во звање**

| Наставно-образовна дејност | | поени | |
|---|---|---|---|
| **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии)** | | **5,7** | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности** | | **поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир** | | | |
| 1. | Kostov, B., Stojanov ,T**., Stojanova, B.** (2008). School for aeternal values**.** *IV International Scientific Conference, Contemporary intentions in education,* 2, 105-110. | | 2 |
| 2. | Miloseva, L., Marelja, J., **Stojanova, B.** (2009). Stress and resilience in families of children with specific learning disabilities. *The 5th International Balkan Education and Science Congress*, 2, 676-679. | | 2 |
| 3. | **Stojanova, B.*,*** Sivevska D. (2009). Learning through computer game. *The 3rd International Conference, Curriculums of early and compulsive education*, 333-340. | | 2 |
| 4. | Sivevska, D.*,* **Stojanova, B.** (2009). Life-long learning as need and challenge of education of 21 centuries. *Proceedings of ICERI 2009 Conference*, 1259-1265. | | 2 |
| 5. | **Stojanova, B.** (2010). Development of creativity as a basic task of the moder educational system. *Procedia- Social and Behavioral Sciences* (2), 3395-3400. | | 2 |
| 6. | Popeska, B., **Stojanova, B.,** Petruseva, K. (2011). Opinions for Teaching Subject Sport and Recreation Determined among Students From Seven Different Faculties at University “Goce Delcev” in Stip. *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education, 1449- 1456*. ISSN 978-9989-823-33-6 | | 2 |
| 7. | **Stojanova, B**., Popeska, B., Pertuseva, K. (2011). Differences Among(Between) Male and Female Students at the University “Goce Delcev” in Stip, About There Opinions for Teaching Subject Sport and Recreation. *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education*, 1441- 1447. ISSN 978-9989-823-33-6 | | 2 |
| 8. | Sivevska, D., **Stojanova, B** & Popeska, B. (2012). Research of parents attitudes concerning cooperation with primary schools in relation to their socio – demographic characteristics. *4th world Conference on educational Sciences (WCES),* Barcelona. Spain: Procedia – Social and Behavioral Sciences, 46, 2857 – 2861. | | 2 |
| | **Вкупно** | **16** | |
| **Учество на научни собири со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство** | | | |
| 1. | Меѓународна научно-практична конференција, Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век, Штип, Р. Македонија. | | 1,5 |
| 2. | The 5th international scientific conference, Education for human society, Ohrid, Macedonia. | | 1,5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education, Ohrid, Macedonia | | 1,5 |
| 4. | International Scientific Symposium, 65 Years Jubilee Institute of Pedagogy, Education between tradition and modernity, Ohrid, Macedonia. | | 1,5 |
| 5. | Научна конференция, катедра "Гимнастика" и катедра Психология, педагогика и социология, НСА"Васил Левски" Софија, Р.Бугарија. | | 1,5 |
| | **вкупно** | **7,5** | |
| **Одбранета магистерска теза** | | **4** | |
| | **ВКУПНО** | **27,5** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | **поени** | |
| | | **во земјава** | **во странство** |
| **труд во стручно (научно-популарно) списание** | | | |
| 1. | **Стојанова, Б**., Милошева, Л. (2009). Вредносните ориентации кај адолесцентите. *Воспитание*, 6, 10, 55-61. | 2 | |
| | **вкупно** | **2** | |
| **член на факултетски орган, комисија** | | | |
| 1. | Член на Комисијата за проверка на психофизичките способности на кандидатите за студирање на Педагошкиот факултет (Факултетот за образовни науки) во Штип (2008-2011) | **8** | |
| 2. | Член на Комисијата за ревидирање на студиските програми, Математика- Физика | **2** | |
| | **вкупно** | **10** | |
| | **ВКУПНО** | **12** | |
| **АКТИВНОСТИ** | | **ПОЕНИ** | |
| **Наставно-образовна дејност** | | **5,7** | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | **27,5** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | **12** | |
| | **ВКУПНО** | **45,2** | |